


**<u>Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа</u>**

**<u>12.03.2012 година</u>**

## <u>Иницијативи  кои би се разгледале на средбата со преставници на Дирекцијата за заштита и спасување</u>

Во рамките на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа при Стопанската комора на Македонија, во изминатиот период актуелизирани се одредени прашања и проблеми сврзани со спроведувањето и неусогласеноста на законската регулатива, нелојалната конкуренција и недоволната соработка со надлежните институции и инспекциии.

Поради ваквите состојби беше заклучено да се побара средба со преставници на Дирекцијата за заштита и спасување, со цел потикнување на подоследно спроведување на Законот за пожарникарство, и Законот за инспекциски надзор, прлагодување на подзаконската  регулатива со веќе изменетата реална состојба во заштитата од пожари во Република Македонија, согласно искуствата и законската регулатива на Европската унија и земјите соседи.

Како приоритетни прашања за разрешување Групацијата ги посочува одредбите кои се регулирани во Законот за пожарникарството ( Сл. весник 67/04) член 44, член 45 став 3, член 46 став 1 и член 48 став 2), каде се регулирани користењето, одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уреди, опрема и средства за гасење на пожари, испитување и поправка на ПП опрема кај ПП единиците и доследно спроведување на Законот за инспекциски надзор (Сл

весник 50/2010, и извршените измени и дополненија Сл.весник 162/2010 и 157/2011).

На средбата би се разговарало за следните предлог иницијативи:

**Законот за пожарникарството ( Сл. весник 67/04)**

**Член 44** Уредите опремата и сретставата за гасење пожар може да се користат ако тие се во согласност со прописите за стандардизација акредитација и оценка за сообразност.

- Дефинирање која институција ги спроведува и контролира овие уреди, опремата и средствата за гасење.

**Член 45 став 3 и Член 46 став 1**: Одржување сервисирање и испитување на ПП апарати и инсталации се врши согласно со техничките нормативи стандарди и упатства на производителот.

- Се наметнува потребата поконкретно да се дефинираат техничките нормативи стандарди и да се укаже на задолжителните постапки при овие операции.
- Промена на сервисниот картон со етикета и ставање на датум на увозот и неговата важнос а не кога е сервисиран.
- Дефинирање на условите дали на ново увезената опрема да има гаранција од производителот или веднаш таа опрема треба да се сервисира и да има сервисен картон или етикета.

**Член 48 став 2** Испитување и проверка на ПП опрема кај ПП единици со кој се дефинира дека директорот на Дирекцијата за заштита и спасување ќе донесе поблиски прописи за начинот постапката и роковите во кои треба да се изврши испитувањето на ПП опремата.

- Законот е донесен во 2004 година но досега вакви прописи не се пропишани иака тука се работи за опрема од која зависат животите на пожарникарите и на животите на настраданите во несреќи. Против пожарните единици располагаат со соодветна опрема и ја користат а за истата производителите на опрема строго бараат нивно контролно испитување.

**Законот за инспекциски надзор (Сл весник 50/2010, и извршените измени и дополненија Сл.весник 162/2010 и 157/2011).**

- Доследната примена на Зконот за инспекциски надзор и перманентно вршење на инспекциски надзор и контрола на терен.

Претседател
Тони Ангеловски с.р.